**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр 1102- 98/3 од 25.3 2015 година доесена на 115. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 24.3.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област политички системи на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“, „Утрински весник“ и „Коха“ на 7.3.2015 година и во предвидениот рок се пријави д**-р Јован Ананиев, вонреден професор по политички системи.**

Врз основа на приложената документација од кандидатот, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно - научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Јован Ананиев** е роден на 21 јануари 1978 година во Кочани. Основно и средно образование завршува во родниот град. Дипломира во 2000 година на Правниот факултет на отсекот Политички студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрира во 2004 година на студиите за политички науки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „Организациони аспекти на управувањето со процесот на европската интеграција на Република Македонија“, а во 2006 година на истиот Институт докторира на политички науки со докторска дисертација на тема „Политички и социолошки аспекти на политичката пропаганда во изборен процес“.

Од 2001 година е ангажиран како проектен асистент на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што од 2002 година работи како истражувач во Центарот за бегалци и присилни миграции, а од 2004 година е проектен асистент во Одделението за политички науки и асистент на постдипломските студии по политички науки. Од ноември 2006 година е ангажиран како доцент на постдипломските студии на овој Институт по предметот Применета политика.

Во октомври 2006 година е избран за насловен доцент по политички науки на интердисциплинарните студии по јавна администрација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Од февруари 2007 година до јули 2007 година е раководител на Секторот за аналитика, проценка и стратешко планирање при Центарот за управување со кризи. Од август 2007 година е доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, а во ноември 2010 година е избран за вонреден професор во областа политички системи на истиот факултет.

Од почетокот на формирањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип до јуни 2011 година е член на Универзитетскиот сенат и член на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија. Од септември 2011 година е избран за декан на Правниот факултет и во моментов ја извршува оваа функција.

Во декември 2010 година од страна на Собранието на Република Македонија е именуван за член на Комисијата за заштита од дискриминација, а во февруари 2013 година од страна на Комитетот на министри при Советот на Европа е именуван за член на Европската комисија против расизам и нетолеранција во Стразбур. Во 2014 година е известувач на оваа Комисија за Естонија.

Бил член на истражувачки тимови на научноистражувачки проекти реализирани од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,

Универзитетот во Виена, Универзитетот во Љубљана, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија и Универзитетот во Хакров.

Бил ангажиран во подготовка на неколку закони, подзаконски акти и стратегии. Има искуство како консултант и истражувач на проекти реализирани од УНДП, ЕУ, ОБСЕ, ИРИ, УНХЦР и Светска банка. Има реализирано студиски посети во Франција, Русија, Јапонија, Република Ирска, Украина и Словенија.

Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор

1. Вонреден професор од научната област политички сситеми, избран на 3.11 2010 година на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип;
2. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

***Меѓународни научни списанија***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ananiev, Jovan and Poposka, Zaneta | *Participation and Anti-Discrimination Based Local Strategic Documents – Case of Macedonian Municipalities* | Lex Localis- Journal of Local Self- Government, 12 (3). pp. 575-590. ISSN 1581- 534 (списание со импакт фактор 0.600 во базата Web of Science) | 2014 |
| 2 | Ananiev, Jovan and Poposka, Zaneta | *Challenges to the institutional infrastructure for protection against ethnic discrimination- case of multiethnic society.* | New Balkan Politics, 13 (13/1). ISSN 1409-8709 | 2013 |
| 3 | Grizo, Melina and Ananiev, Jovan | *The Policy of the European Union toward the Yugoslav Successor States 1996–1999: Stabilizoation through Regional Cooperation* | New Balkan Politics, 16/14 (16). ISSN 1409-8709 | 2014 |
| 4 | Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka and Nikodinovska Krstevska, Ana | Rule of Law and Inclusion in the Republic of Macedonia | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (2). pp. 428-435. ISSN 2307 451 | 2015 |
| 5 | Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan and Nikodinovska Krstevska, Ana | *Between Religion and Nation: The Identity of Makedonci muslimani in Republic of Macedonia.* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 20 (2). pp. 194-201. ISSN 2307-4531 | 2015 |
| 6 | Nikodinovska Krstevska, Ana and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko | *The Ukraine Crisis and New Security Challenges for Euro Atlantic Integrations* | International Jurnal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 20 (1). pp. 254-259. ISSN 2307-4531 | 2015 |
| 7 | Ananiev, Jovan and Gurkova, Olga | *National security versus protection of personal data in the EU.* | Iustinianus Primus Law Review, 3 (5). pp. 1-13. ISSN 1857-8683 | 2012 |

***Меѓународна научна публикација***

| Бр. | Автор | Наслов на публикацијата | издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ananiev, Jovan | *: The Macedonian case*. In: Why and How We Won pp. 71- 85 | International Republican Institute, Bratislava, .Slovakia | 2013 |
| 2 | Ananiev, Jovan and Poposka, Zaneta | *Discriminatory Job Vacancies*. | GRIN Publishing, Munich, Germany | 2014 |
| 3 | Ananiev Jovan | *Participative democracy in transition countries*. *The Macedonian case*. | GRIN Publishing, Munich, Germany | 2014 |

Труд објавен во зборник на трудови од меѓународна научна конференција *(*кои имаат програмски одбор со учесници од најмалку четири земји и коишто се организираат најмалку по петти пат или се во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - *Штип)*

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | година | Конференција и организатор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ананиев Јован** | *Концепти и техники на убедување и манипулација во текот на изборната кампања*. | 2014 | Општествените промени во глобалниот свет“- Зборник на трудови од меѓународна конференција, 2. pp. 697-715, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, |
| 2 | Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko | *Clear rule and regulation in state department basic for effectiveness public administration*. | 2014 | The International Conference Global Economy and Governance, 10-12 Sept 2014, Bucharest, Romah9aj Academy of Science |
| 3 | Ananiev, Jovan and Denkova, Jadran k | *Citizens participation at local level in the Republic of Macedonia*. | 2013 | National Question in Central Europe: Democratic responses to unresolved national and ethnic conflicts, Institute for Cultural Relations Policy- Budapest |
| 4 | Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan | *Preconditions for efficient public administration in the Republic of Macedonia* | 2013 | National Question in Central Europe: Democratic responses to unresolved national and ethnic conflicts, Institute for Cultural Relations Policy- Budapest |
| 5 | Poposka, Zaneta and Ananiev, Jovan | *Concept and practice of cyber hate speach in international and domestic law.* | 2013 | The Balkans Between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro- Atlantic Integration, Faculty of Security |

Труд објавен во зборник со меѓународен уредувачки одбор

Ananiev, Jovan (2014) *Главни истражувачки наоди на дискриминацијата во огласите за вработување во Република Македонија.* Годишен зборник 2014, 4. ISSN 1857- 8713

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот проф.д-р Јован Ананиев е избран за насловен доцент по група предмети во областа на политичките науки на 10. седница на Наставно-научниот совет на Интердисциплинарните студии по јавна администрација на Универзитетот „Св.Климент Охридскиј“ – Битола, одржана на 24.10.2006 година со Одлука за избор на наставник бр. 07- 641/4 од 2.11.2006 година.Овде, како хонорарно ангажиран наставник, од академската 2006/2007 година до академската 2010/2011 година ги предавал предметите Политички

систем, Анализа на јавна политика и Применета политика на првиот циклус на студии и предметот Јавна политика на вториот циклус на студии. Од декември 2006 година до 2010 година е хонорарно ангажиран како доцент на постдипломските студии по политички науки на Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметот Применета политика. На двата универзитета е член на повеќе комисии за одбрани на докторски дисертации и магистерски трудови и ментор на двајца докторанди и тројца магистранти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По изборот во доцент од страна на Матичната комисија за основање на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од академската 2007/2008 година до неговиот избор во вонреден професор ги предава предметите Политички систем, Вовед во правото, Теорија на државата и правото, Социологија на правото и Вовед во правото на Европската унија на првиот циклус на студии. На вториот циклус на студии ги предава предметите Избори и изборна кампања, Политики на локален и регионален развој и Република Македонија и евроинтеграциските процеси.

На 3.11.2010 година е избран за вонреден професор во научната област политички системи на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Како вонреден професор продолжува да предава дел од горенаведените предмети. По акредитацијата на новите студиски програми на првиот и вториот циклус студии на Правниот факултет, на првиот циклус ги предава задолжителните предмети Политички систем со 6 ЕКТС, Теорија на државата и правото со 8 ЕКТС и Применета политика со 8 ЕКТС, како и изборниот предмет Човекови права со 4 ЕКТС. На вториот циклус на студии ги предава предметите Методологија на научноистражувачка работа, Избори и изборна кампања и Заштита на човековите слободи и права и изборниот предмет Политички партии. Бил член на комисии за одбрани на магистерски и дипломски трудови и ментор на седум кнадидати кои одбраниле магистерски труд. Од 2014 година е акредитиран ментор на докторските студии по политички науки - политички системи при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Научната евалуација на научните трудови до моментот за избор во доцент е содржана во рефератот за избор во насловен доцент, којштo е усвоен од Наставно- научниот совет на Интердисциплинарните студии по јавна администрација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола на 10. Седница, одржана на 24.10.2006 година, подготвен од Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Панде Лазаревски, проф. д-р Илија Тодоровски и проф. д-р Златко Жоглев.

Научната евалуација на научните трудови од избор во звање доцент до избор во звање вонреден професор во научната област политички системи е содржана во рефератот за избор во вонреден професор, којштo е усвоен на седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, подготвен од Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Панде Лазаревски, проф. д-р Илија Тодоровски и проф. д-р Стеван Алексоски со Одлука бр. 1602- 100/3 од 3.11.2010 година.

Од моментот на избор во вонреден професор до денот на поднесувањето на документите врз основа на распишаниот Конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област политички системи од 7.8 2015 година, кандидатот ги има објавено следниве трудови:

Прегледен труд објавен во научно списание со импакт фактор индексирано во базата **Web of Science** со импакт 0.600

Ananiev, Jovan and Poposka, Zaneta (2014) *Participation and Anti-Discrimination Based Local Strategic Documents – Case of Macedonian Municipalities*. Lex Localis- Journal of Local Self- Government, 12 (3). pp. 575-590. ISSN 1581- 5374

Краток опис на трудот: Трудот е базиран на истражување спроведено во општини од различни плански региони во Република Македонија со помош на анализа на документи, фокус групи и интервјуа и ги претставува научните сознанија во врска со степенот на партиципативноста на граѓаните во носењето на стратешките документи од страна на советите на општините и колку овие акти се подготвени врз основа на почитување на принципите на еднаквоста и задоволувањето на потребите на различни категории на граѓани. Во трудот е направен спој на теоретските концепти и клучните практики кои се однесуваат на обработуваната материја.

Монографија или научна книга објавена во странство Ananiev, Jovan (2014) *Participative democracy in transition countries. The Macedonian case.* GRIN Academic Publishing, Munich, Germany

Краток опис на трудот: Трудот претставува научна книга во којашто се обработуваат карактеристиките на партиципативната демократија со посебен осврт на Република Македонија. Во првиот дел се дадени прикази од истражувачки наоди за степенот на вклученоста на граѓаните во процесите на носење на одлуки на национално ниво и се дава приказ на правната рамка која ја регулира оваа материја и се дава критички осврт за аспектите кои треба да се подобрат во македонската демократија. Во вториот дел се дава приказ на легислативата која се однесува на единиците на локалната самоуправа и се даваат прикази од истражувачките наоди кои се однесуваат на партиципацијата на локално ниво. Книгата содржи емпириски податоци од неколку истражувања кои авторот ги има реализирано во изминатите четири години и се добиени преку анкета, фокус групи, интервјуа и анализа на документи.

Ananiev, Jovan and Poposka, Zaneta (2014) *Discriminatory Job Vacancies.* Project Report. GRIN Publishing, Munich, Germany

Краток опис на трудот: Во оваа монографија се разработува конкретен проблем во доменот на човековите права- дискриминацијата во огласите за вработување. Оваа појава авторите ја истражуваат преку анализа на приближно 1.000 огласи за вработување, коишто се статистички обработени а биле објавени во периодот од април до септември 2013 година во четири дневни весници, од кои два се на македонски јазик, а два на албански јазик. Монографијата изобилува со квантитативни податоци кои ја докажуваат појавата од аспект на основите на дискриминација, облиците на дискриминација и областите во кои таа се манифестира. Исто така, трудот дава јасни заклучоци и препораки како да се надмине истражуваната појава.

Дел од монографија објавена во странство

Ananiev, Jovan (2013) *Four victories: The Macedonian case.* In: Why and How We Won. International Republican Institute, Bratislava, pp. 71-85.

Краток опис на трудот: Монографијата претставува анализа на причините зошто и како победиле десно ориентираните партии во земјите од Централна и Источна Европа. Автори од неколку земји пишуваат за одделна земја, истакнувајќи ги спецификите за успехот или неуспехот на десните и десно центристичките партии. Авторот Ананиев ги анализира причините за повторното јакнење на десните партии во Република Македонија и ги анализира четирите изборни циклуси во кои како победник се јавуваат партиите кои се десно ориентирани или, пак, се десно центристички ориентирани. Истовремено, се дава приказ на факторите кои влијаеле за ослабнувањето на лево ориентираните партии и внатрепартиските промени од организациски, идеолошки и програмски аспект.

Монографија објавена во земјава

Ананиев Јован (2014) *Сегрегација на децата Роми во образовниот процес* . ОБСЕ Мисија во Скопје,

Краток опис на трудот: Во оваа публикација се прави анализа на сегрегацијата на децата Роми во основното образование како системска и индиректна форма на дискриминација. Студијата е базирана на реализирана анкета во сите општини, две фокус групи и интервјуа. Податоците е статистички обработени и се прикажани трендови врз основа на општини и врз основа на цела држава. Во оваа монографија се дава споредбена анализа на трендовите врз основа на години и општини, се даваат заклучоци и се наведуваат препораки кои се однесуваат на креаторите на јавните политики во Република Македонија, училиштата и општините.

Дел од монографија објавена во земјава

Ananiev, Jovan (2011) *Effective Participation of Ethnic Communities Vulnerable to Racial Discrimination (ECVRD) in the Public Life of the Western Balkans, Case Macedonia.* In: Effective Participation of Ethnic Communities Vulnerable to Racial Discrimination in the Public Life of the Western Balkans. Union of Balkan Egyptions, Skopje, pp. 111-135.

Краток опис на трудот: Во оваа монографија се прави анализа на состојбата со правата на ранливите етнички заедници во Република Македонија, односно оние кои се

застапени со мал процент или, пак, не се споменати во преамбулата на Уставот. Авторот ја обработува националната и меѓународната правна рамка која се однесува на политичката партиципација на национално и локално ниво со почитување на концептот на расна недискриминација, како се спроведуваат овие документи и како се врши набљудување на нивното спроведување.

Прегледни трудови објавени во меѓународни научни списанија

Ananiev, Jovan and Poposka, Zaneta (2013) *Challenges to the institutional infrastructure for protection against ethnic discrimination- case of multiethnic society.* New Balkan Politics, 13 (13/1). ISSN 1409-8709

Краток опис на трудот: Авторите даваат преглед на надлежностите коишто ги имаат органите и телата, одговорни за превенција и заштита од етничка дискриминација во Република Македонија од правен и од фактички аспект. Се анализира нивното функционирање и се прави анализа на меѓусебните релации на овие институции со потенцирање на главните проблематични состојби на меѓуинституционалната соработка Овде се анализира спецификата на македонското мултиетничко општество и се даваат предлози за подобрување на институционалната ефикасност во справувањето со проблемите од аспект на елиминирање на етничката дискриминација, притоа потенцирајќи ги стандардите кои ги дава Советот на Европа.

Grizo, Melina and Ananiev, Jovan (2014) *The Policy of the European Union toward the Yugoslav Successor States 1996–1999: Stabilization through Regional Cooperation*. New Balkan Politics, 16/14 (16). ISSN 1409-8709

Краток опис на трудот: Авторите прават анализа на надворешната политика на Европската унија, потенцирајќи ја политиката која ја имале кон земјите од поранешна Југославија. Овде се дава преглед и историска анализа на факторите кои влијаат врз оваа политика и се аргументираат моделите за регионална соработка од една страна и поттикнувањето за вакви активности од страна на Европската унија. Третирањето на прашањето на европските интеграции на балканските држави, односно проширувањето на Европската унија кон истите се анализира од регионална перспектива и се дава аргумент дека регионалната соработка е еден од важните фактори за истата.

Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka and Nikodinovska Krstevska, Ana (2015Авторите) *Rule of Law and Inclusion in the Republic of Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (2). pp. 428-435. ISSN 2307-4531

Краток опис на трудот: Авторите го анализираат концептот на владеењето на правото во контекст на вклученоста на граѓаните, односно моделот на транспарентно и партиципативно носење на одлуки. Овде се дава приказ од истражување кое е спроведено со помош на анкета и од кое се добиваат податоци за перцепцијата на корупцијата, стабилноста на институциите, заинтересираноста за учество во носењето на одлуки и сл. Истовремено, во трудот се дава приказ и критички осврт на правната рамка која го регулира ова прашање.

Nikodinovska Krstevska , Ana and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2015) *The Ukraine Crisis and New Security Challenges for Euro Atlantic Integrations*. International Jurnal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 20 (1). pp. 254-259. ISSN 2307-4531

Краток опис на трудот: Авторите ја обработуваат украинската криза, која започна во ноември минатата година од регионален и меѓународен аспект. Ја елаборираат од аспект на судир на интереси на Руската Федерација и големите сили во рамките на НАТО и како таа е резултат на енергетски и геополитички аспирации и улогата која може да ја имаат во нејзиното надминување.

Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan and Nikodinovska Krstevska, Ana (2015) *Between Religion and Nation: The Identity of Makedonci muslimani in Republic of Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 20 (2). pp. 194-201. ISS 2307-4531

Краток опис на трудот: Се обработува концептот на идентитет од политичка, религиозна и етничка смисла и се објаснува феноменот на мешање на идентитетите на населението кое има македонско етничко потекло, кои истовремено се муслимани. Од антрополошки, социолошки и политиколошки аспект се анализира лојалноста кон одредена заедница од

етничка и религиозна гледна точка и како таа влијае врз самоидентификувањето од аспект на припаѓање на одредена нација односно етничка група.

Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание

Ananiev, Jovan and Gurkova, Olga (2012) *National security versus protection of personal data in the EU.* Iustinianus Primus Law Review, 3 (5). pp. 1-13. ISSN 1857-8683

Краток опис на трудот: Се обработува прашањето на заштитата на личните податоци во рамките на Европската унија од аспект на опсегот на нивната заштита во ситуација на загрозување на националната безбедност или, пак, во ситуации на постоење на опасност од загрозување на безбедноста. Во трудот се отвора прашањето дали да се направи рестрикција на едно човеково право во интерес на националната безбедност, во кој размер и во кои области и дали е возможно да се ограничи ова право во ситуации на претпоставени ризици за националната безбедност. Трудот дава преглед на европската регулатива во врска со ова прашање и ги потенцира главните нормативни места каде што треба да се направи реформа.

Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan and Ananiev, Jovan (2014) *Macedonian Question Reframed: Politics, Identity and Culture in Republic of Macedonia.* Balkan Social Science Review, 4. pp. 295-323. ISSN 1857- 8772

Краток опис на трудот: Се дава преглед на некои поважни теории кои се однесуваат на идентитетот од политичка, етничка и културна гледна точка и се нагласува неговата важност од аспект на зајакнувањето или, пак, поделбата на едно мултиетничко општество. Креирањето на идентитети по различни основи и нивното меѓусебно испреплетување влијае и врз хомогеноста на општеството од една страна, но и врз стабилноста и интегритетот на државата, од друга страна. Трудот ги разгледува различните фактори кои влијаат врз интензитетот на врската меѓу поединецот и заедницата во која припаѓа, зависно од тоа дали е сфатена од политичка, културна или етничка перспектива.

Ананиев Јован (2014) *Главни истражувачки наоди на дискриминацијата во огласите за вработување во Република Македонија.* Годишен зборник 2014, 4. ISSN 1857- 8713

Краток опис на трудот: Во трудот авторот ги илустрира главните истражувачки наоди од истражувањето на дискриминацијата во огласите за вработување, при што се наведуваат методологијата и главните наоди до кои е дојдено. Се зборува за различните облици и основи на дискриминација и се дава преглед на главните препораки кои се однесуваат на политиките што треба да се спроведат и мерките коишто треба да се преземат за да се намали оваа појава која освен што претстаува директна дискриминација е и еден модел на вознемирување, бидејќи огласите ги читаат граѓаните и тоа влијае врз креирањето на дискриминаторските стереотипи.

Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka (2014) *The multiethnic coexistence on the Balkans.* Journal pf Process Management - New Tehnologies International (JPMNT), 2 (2). pp. 70-76. ISSN 2334-735

Краток опис на трудот: Мултиетничкото општество е реалност на Балканот и има свои специфики во овој регион за разлика од останатите европски земји. Мултиетничноста опфаќа во себе и мултикултурност и мултиконфесионалност, а многу често и мултилинвалност. Сето ова, дополнето со фактот што идентитетите на Балканот не се сосема јасни и се испреплетуваат од земја до земја создава специфични модели за одделни земји и креирање на механизми за оддржување на мултиетничноста во овие општества како модел за превенција од конфликти.

Ananiev, Jovan (2012) *Analysis of democratic capacity of the municipalities in the Republic of Macedonia.* Yearbook of the Faculty of Law

Краток опис на трудот: Општините претставуваат место каде што се претпоставува дека демократијата треба да се практикува во најголем капацитет. Овде, преку реализирани интервјуа со градоначалници и советници и анализа на документи, се дава преглед на демократскиот капацитет на градоначалниците и советите на општините во неколку општини во Република Македонија. Се анализира како тие меѓусебно соработуваат и колку се тие отворени за отчетност и партиципативност на граѓаните.

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир/научни конференции одржани во странство

Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2014) *Clear rule and regulation in state department basic for effectiveness public administration.* In: The International Conference Global Economy and Governance, 10-12 Sept 2014, Bucharest, Romania.

Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan (2013) *Preconditions for efficient public administration in the Republic of Macedonia.* National Question in the Central Europe, Democratic responses to unresolved national and ethnic conflicts International Conference. 22-24 March 2013. pp. 239-248. ISSN 978-615-5432-00-2 , Budapest, Hungary

Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka (2013) *Citizens participation at local level in the Republic of Macedonia.* National Question in Central Europe: Democratic responses to unresolved national and ethnic conflicts (262). ISSN ISBN 978-615-5432-00-2 Budapest, Hungary

Ananiev, Jovan and Poposka, Zaneta (2013) *Racism and xenophobia on internet: conceptual dilemas with the special focus on on the instruments of the Council of Europe.* Proceeding of the International Conference: Fight Against Cyber Crime. pp. 167-169.Donetsk, Ukraine

Ananiev, Jovan and Poposka, Zaneta (2013) *Discrimination in Macedonian companies: Case studies research and analysis of current discrimination grounds, forms and trends.* Proceedings- International OFEL Conference of Corporative Governance, Dubrovnik, Croatia

Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2012) *Citizens Inclusion in the Macedonian Political Life: A Base for Human Rights Development Approach.* Proceeding Book from the International Conference: "Law, Management and Medias in the XXI-th Century". Blagoevgrad, Bulgaria

Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2014) *Дигитализация демократии- новая форма коммуникации в политической сфере.* In: Международной научно-политической конференции: Интернет, Власть и Политика, 15-17 Nov 2013, Кемерово, Россия

Denkova, Jadranka and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Ananiev, Jovan (2013) *The necessity for standards and procedures for trainings and professional development of the administration in Republic of Macedonia.* In: 3th Jubilee International Scientific Conference: Standards in and challenges to public administration in XXI century, 10-11 May 2013, "D.A. Tsenov Academy of Economics" Svishtov, Bulgaria

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир/научни конференции одржани во земјава

Ананиев Јован (2014) *Концепти и техники на убедување и манипулација во текот на изборната кампања.* Општествените промени во глобалниот свет"- Зборник на трудови од меѓународна конференција, 2. стр 697-715, Штип

Poposka, Zaneta and Ananiev, Jovan (2013) *Concept and practice of cyber hate speach in international and domestic law.* The Balkans Between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro- Atlantic Integration, Proceeding, International Conference- Ohrid, 1. pp. 649-662.

Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2012) *Towards European identity: The role of national historiografies in creation of Balkan myths.* Identity in the era of globalization and europeization. pp. 177-188. ISSN UDC/316.347:316.4.033-027.511(497) , Skopje.

Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2014) *Културниот трансфер како основа за политичка мобилизација: Теоретски претпоставки за релациите помеѓу културата, етничката припадност и национализмот.* In: International Scientific Conference "Cultural Memory", 5-7 Sept 2013, Centre for Culture and Cultural Studies, Skopje.

***Учество на научен собир со реферат ( усно) во странство***

Во рамките на програмата Media and Philosophy- Regional Seminar for Excellence in Teaching- Open Society Institute, Budapest реализирани се учества со реферат во Харков - Украина, во 2011 година, во Бодрум - Турција во 2012 година и Измир - Турција во 2012 година.

***Учество во научноистражувачки проекти***

Раководител е на научноистражувачкиот проект „Партиципативноста и транспарентноста на единиците за локална самоуправа во Источниот плански регион" којшто се реализира во 2014 и 2015 година и е поддржан од Фондот за научноистражувачка активност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Учествувал во научноистражувачкиот проект „Општествени и правни аспекти на мобингот во Република Македонија" којшто е поддржан од Министерството за образование и наука во периодот 2010- 2012 г.

Учествувал во проектот COST Action: The Role of EU in the Reform of UN Human Rights System, managed by University of Vienna.

Уредник е на научното списание Balkan Social Science Review во издание на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Член на Уредувачкиот одбор на научното списание Меѓународна политика во издание на Универзитетот „Неофит Рилски" во Благоевград.

Уредник е на Годишен зборник на трудови на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Член е на Организацискиот и Програмскиот одбор на Првата меѓународна конференција во организација на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип - „Општествените промени во глобалниот свет", 2014; на Првата меѓународна конференција во организација на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип - „Општествените промени во глобалниот свет", 2015; Меѓународната конференција „Човекот во глобалниот свет", Вороњеж, Русија, 2015.

***Рецензент е на 6 научни трудови.***

Во делот на наставно-образовната и научноистражувачката дејност може да се заклучи дека кандидатот бележи континуитет во својот академски развој од неговиот избор во доцент до моментот на пишување на овој реферат, бидејќи е избран и предавал група предмети кои припаѓаат на научната област политички системи. Има искуство како наставник на три државни универзитети, како наставник и член на комисии за одбрани на магистерски и докторски трудови, како и ментор во подготовка на докторски дисертации и магистерски трудови. Во своето досегашно научноистражувачко творештво, кандидатот има објавено околу 60 трудови, од кои во последните пет години има објавено голем број трудови во научната област политички системи, како што се труд со имапкт фактор, две монографии во странство, дел на монографија објавена во странство, една монографија во земјава, дел од монографија објавена во странство, пет прегледни трудови, пет трудови со оригинални резултати, осум трудови објавени во зборници од научни конференции во странство и четири во земјава. Исто така, има активности во научни списанија, организирање на научни конференции и е раководител и учесник на научноистражувачки проекти. Од приложената документација се констатира дека има позитивна евалуација од студентите за неговата работа како вонреден професор. Врз основа на бодирањето може да се констатира дека кандидатот има 70 бодови од наставно-образовната дејност и 163 бодови од научноистражувачката дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Автор е на учебникот со наслов „Политички систем", издаден во 2015 година од страна на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Ananiev, Jovan and Atanasov, Petar and Gerovska- Mitev, Maja and Shukarov, Miroljub (2011) *Beyond Transition Towards Inclusive Societies*, UNDP, Bratislava.

Стручна монографија објавена во странство: Ananiev, Jovan and Atanasov, Petar and Gerovska- Mitev, Maja and Shukarov, Miroljub (2011) *Beyond Transition Towards Inclusive Societies*, UNDP, Bratislava.

Стручна монографија објавена во земјава: Ananiev, Jovan and Gicev, Vlado and Sumanov, Gorgi and Delipetrev, Blagoj (2011) Risk Mapping Methodology, Центар за управување со кризи.

Има реализирано поголем броја пленарни предавања на стручен собир, како што се: две предавања на судии и јавни обвинители во организација на Академијата за судии и јавни обвинители и Мисијата на ОБСЕ во Скопје за концептот на недискриминација, едно предавање за слушателите на Академијата за судии и јавни обвинители за концептите на недискриминација и улогата на ЕКРИ при Советот на Европа. Едно предавање за концептот на недискриминација за вработените во единиците на локална самоуправа во Источниот плански регион и едно од Југоисточниот плански регион, едно предавање за недискриминација за претставници на синдикати и стопански комори и едно предавање за недискриминација во огласите за вработување за претставници од јавната администрација и стопанските комори. Во организација на МЦМС има реализирано предавање за повеќекратна дискриминација.

Од септември 2011 година е декан на Правниот факултет, а по функција е и член на Ректорската управа.

Од 2014 година е претседател на Наставно-научниот совет на докторските студии на Кампус 4.

Од изборот во вонреден професор до изборот во декан е член на Универзитетскиот сенат.

До изборот во декан е член на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија.

Во декември 2010 година од страна на Собранието на Република Македонија е именуван за член на Комисијата за заштита од дискриминација.

Од февруари 2013 година е именуван од Комитетот на министрите при Советот на Европа за член на Европската комисија за расизам и нетолеранција во Стразбур, којашто претставува највисоко независно експертско тело за заштита на човековите права при Советот на Европа.

Учесник е на академскиот проект Жан Моне модул, којшто е во реализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Учесник и раководител на апликативниот проект Методологија за мапирање на ризици, поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка во реализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип а за потребите на Центарот за управување со кризи.

Член е на проектниот тим за подготовка на Националниот извештај за човековиот развој и Регионалниот извештај на човековиот развој во 2011 за потребите на УНДП-Братислава.

Од горенаведеното може да се заклучи дека кандидатот има богата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност што се констатира преку неговата творечка активност во издавањето на учебник, стручни монографии, влијанието кое го има во општествената заедница преку неговата активност како предавач на стручни собири и учеството во апликативни проекти. Дава голем придонес во развојот на Универзитетот преку неговата активност како декан, член на Ректорската управа, претседател на Наставно-научниот совет на Кампус 4, но и како поранешен член на Универзитетскиот сенат од денот на неговото конституирање до изборот во декан. Во Република Македонија тој го дава својот стручен придонес преку активностите на Комисијата за заштита од дискриминација, а неговата стручност има и меѓународен придонес како член на Европската комисија за расизам и нетолеранција при Советот на Европа. Од приложените активности може да се заклучи дека кандидатот од компонентата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност има 101 бод.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги има поднесено сите потребни документи во согласност со Конкурсот и истите се правно валидни. Констатира дека целокупното образование на кандидатот - додипломски и постдипломски студии, како и докторатот се во областа на политичките науки и има потполна компетенција да биде наставник во научната област политички системи. Исто така, констатира дека има континуитет во наставно-научната активност како доцент и вонреден професор кој бил биран во научната област политички системи.

Комисијата заклучува дека кандидатот има богата наставно-образовна активност на трите циклуси на студии, бил ментор на двајца кандидати за одбрана на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и на повеќе магистерски трудови одбранети на неговиот матичен факултет и на други универзитети во Република Македонија. Заклучува дека во текот на неговата деветгодишна наставна активност предавал предмети кои се во доменот на научната област политички системи.

Комисијата заклучува дека во неговиот досегашен академски ангажман, од 2002 година до денес, има објавено околу 60 трудови. Во последните пет години има објавено меѓународен труд во списание со импакт фактор во базата Web of Science, книги во странство, како и голем број на прегледни трудови и трудови со оригинални резултати, објавени во научни списанија. Исто така, има објавено научни трудови во зборници од конференции одржани во Македонија, Унгарија, Хрватска, Русија, Романија, Украина и Бугарија. Од неговите научни активности се заклучува дека станува збор за трудови со голема научна вредност, современа методологија и важни за македонската и пошироката политиколошка мисла. Исто така, како раководител и учесник на неколку научноистражувачки проекти ја збогатува истражувачката активност во државата во доменот на политичките и правно-политичките науки. Преку својата наставна активност како доцент и вонреден професор, има придонесено во развојот на соработничкиот кадар, кои директно му асистирале на матичниот Универзитет и на универзитетите „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и „Св. Климент Охридски" во Битола, а подоцна го следи и им помага во нивниот развој како наставници.

Комисијата заклучува дека кандидатот има богата стручно-апликативна дејност со голем придонес во државата и Европа како стручњак во областа, преку учеството во бројни проекти, советувања, но и како член на Европската комисија против расизам и нетолеранција на Советот на Европа и Комисијата за заштита од дискриминација. Кандидатот има дадено голем придонес во организациско- развојната активност во својата матична институција како еден од основачите на Правниот факултет, член на Универзитетскиот сенат од неговата конститутивна седница до крајот на неговиот прв состав и почетокот на вториот состав, како член на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, а од септември 2011 година и како декан на Правниот факултет.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот има 70 бодови од наставно-образовната активност, 163 бода од научноистражувачката активност и 101 бод од стручно-апликативна и организациско-развојна активност, односно вкупно 334 бодови, во согласност со табелата за бодирање на активностите. Има богата научноистражувачка и наставно-образовна активност како доцент и вонреден професор во областа политички системи и значајна стручно-апликативна и организациско- развојна активност во земјава и во странство. Станува збор за кандидат со високи научни, наставни и стручни капацитети препознаени од домашната и европската академска и стручна јавност и има дадено голем придонес во развојот на политичките науки во Република Македонија. Врз основа на горепосоченото, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правен факултет да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за кандидатот проф. д-р Јован Ананиев да го избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област политички системи.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Илија Тодоровски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Стојмен Михајловски, редовен професор во пензија, член, с.р.**
**Д-р Славејко Сасајковски, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | доцент | | 30 | | | 30 |
| | **Вонреден професор** | 40 | | | | 40 |
| | | | | | **ВКУПНО** | **70** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | | | | | | |
| | **Монографија или научна книга** | 1 | 10 | 2 | 15 | 40 |
| | **Дел од монографија или научна книга** | 1 | 6 | 1 | 10 | 16 |
| | **Прегледен труд објавен во научно списание со ССЦИ во** Web of Science | | | 1 | 15 | 15 |
| | **Прегледен труд во останати научни списанија** | | | 5 | 5 | 25 |
| | **Труд со оригинални научни резултати** | 3 | 3 | 2 | 3 | 15 |
| | **Труд со оригинални научни резучтати, објавен во зборник од трудови на научен собир/ научна конференција** | 4 | 1 | 8 | 2 | 20 |
| | **Учество на научен собир со устен реферат** | | | 3 | 2 | 6 |
| | **Раководител на научен проект** | 1 | 4 | | | 4 |
| | **Учество во научен проект** | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| | **Уредник на научно списание** | 1 | 3 | | | 3 |
| | **Член на уредувачки одбор на научно списание** | | | 1 | 1 | 1 |
| | **Уредник на зборник на трудови** | 1 | 3 | | | 3 |
| | **член на организациски или научен одбор на научен собир** | 2 | 1 | 1 | 2 | 4 |
| | **Рецензент на научен труд** | 6 | 1 | | | 6 |
| | | | | | **ВКУПНО** | **163** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | **Книга** | 1 | 10 | | | **10** |
| | **Стручна монографија** | 1 | 3 | 1 | 5 | **8** |
| | **Пленарно предавање на стручен собир** | 2 | 9 | | | **18** |
| | **Декан** | 1 | 12 | | | **12** |
| | **Претседател на универзитетски или владини тела** | 1 | 10 | | | **10** |
| | **Член на универзитетски или владини тела** | 4 | 5 | 1 | 5 | **25** |
| | **Учество во проект** | 2 | 5 | 1 | 8 | **18** |
| | | | | | **ВКУПНО** | **101** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **334** |